Акционерско друштво
ЕВРОИНС
ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 0902-3446
25.10. 2018 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1719/9
05.11. 2018 год.
КОЧАНИ

# Договор

Склучен помеѓу:

**1. Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“ Раде Кратовче “ бр.1, застапувана од одговорното лице на Договорниот орган – Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев (во понатамошниот текст: **Осигуреник )** и

**2. Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје,** со седиште на ул.“Скупи“ бр.12, Скопје, ЕДБ: 4030995100259 и ЕМБС 5040043, жиро с-ка: 240020000203146, депонент на Уни Банка АД Скопје, застапувано од Извршен директор Ралица Губерова, (во понатамошниот текст: **Осигурувач**).

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка на услуги е:

***Набавка на осигурителни услуги, и тоа:***

**ДЕЛ 2: Осигурување по основ на автоодговорност на возилата на Општина Кочани**

Овој договор му се доделува на Осигурувачот врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда бр.05-1719/6 од 28.09.2018 год. донесена по спроведена постапка за доделување договор за јавна набавка по Оглас бр.05-1719/4/2018 објавен на ЕСЈН на ден 27.08.2018 год. а врз основа на Одлука за јавна набавка бр. 05-1719/2 од 27.08.2018 год.

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на Тендерската документација бр.05-1719/4/2018, изработена од Осигуреникот.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на договорот за јавна набавка изнесува **71.415,00** ден. без ДДВ.

Во согласност со Извештајот од е-аукцијата, генериран на ЕСЈН и Известување за избор на најповолна понуда, единечните цени во листите на цени за секоја ставка посебно се намалени за 19,30 % во однос на првичната понуда. Конечната понуда е составен дел на овој договор.

**НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 3**

Плаќањето ќе се врши со фактура и прилог полиса во рок од 30 дена од доставување на фактурата и полисата за осигурување во архивата на Осигуреникот.

**РИЗИЦИ НА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 4**

Автоодговорност на возилата - законска обврска за вршење на регистрација на возилото опишани во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација, за ДЕЛ 2.

**ПРИЈАВУВАЊЕ, ПРОЦЕНКА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА ШТЕТА**

**Член 5**

При настанување на осигуран случај, осигуреникот е должен **веднаш** да го извести осигурувачот во експозитурата/подружницата во Кочани, а најдоцна во рок од 3 /три/ дена писмено да го потврди настанатиот осигуран случај.

Под **пријавување на осигуран случај веднаш** се подразбира телефонско известување, известување по е-пошта или по факс, упатено до Секторот за проценка и ликвидација на штети.

По пријавувањето Секторот за проценка и ликвидација на штети определува лице кое ќе стапи во контакт со осигуреникот за да се изврши увид и процена на штета, за што се составува Записник, кој го потпишуваат двајцата претставници на двете договорни страни.

**Рок за исплата на штета:** Исплатата на штетата ќе се врши во рок од најмногу 15 (петнаесет) дена по комплетирање на документацијата. *(Во рокот за исплата на штетата не се засметува времето на прибирање на документацијата за пријава на штета).*

Осигурувачот е должен услугите кои се предмет на договорот да ги извршува согласно законските прописи од областа на осигурувањето и според општите услови за осигурување, посебните услови за осигурување за поодделни врсти на осигурување и тарифи на премии.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 6**

Сите спорови и недоразбирања кои би можеле да произлезат од Договорот, ќе се решаваат од страна на договорните страни во дух на добра деловна пракса, со заедничко договарање. Доколку тоа не даде резултат, сите спорови ќе ги решава месно и стварно надлежен суд.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 7**

Времетраењето на важноста на Договорот ќе биде за период од 12 месеци, но во рамките на времетраење на договорот секоја полиса за осигурување која ќе се издава ќе биде со времетраење од 12 месеци, сметано од дата на издавање и потпишување на истата. Во текот на времетраењето на договорот, а во зависност од времетраењето на веќе постоечките полиси склучени согласно претходниот договор за осигурување, договорниот орган и носителот на набавката ќе склучуваат полиси за осигурување на конкретна услуга или стока согласно приложените спецификации.

Овој Договор ќе започне да се применува на 02.12.2018 год. и ќе важи до 02.12.2019 год.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 8**

Доколку една од договорните страни не ја исполнува својата обврска, другата договорна страна може да побара нејзината обврска да биде спроведена или да го раскине Договорот со проста Изјава.

Договорната страна која го раскинува Договорот заради неисполнување на договорните обврски, мора писмено да ја извести другата страна.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

**КОРУПЦИЈА ИЛИ ДЕЛУВАЊЕ СО ИЗМАМА**

**Член 9**

Договорните страни се сложуваат да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законско однесување, во текот на спроведувањето на Договорот.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 10**

За сите прашања кои не се регулирани со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од законите кои се на сила во Република Македонија.

**ВИША СИЛА**

**Член 11**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни

**Член 13**

Овој Договор се склучува во 6 еднообразни примероци од кои 4 примерока за Осигуреникот и 2 примерока за Осигурувачот.

| | |
|---|---|
| **за Осигурувачот,** | **за Осигуреникот,** |
| **Евроинс Осигурување АД Скопје** | **Општина Кочани** |
| **Извршен директор** | **Градоначалник ,** |
| **Ралица Губерова** | **Николчо Илијев** |

Составен дел на овој Договор е :

- конечна понуда со намалени единечни цени за 19,30 % согласно Извештај од е-аукција

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*

*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни,јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
КОЧАНИ (1)
ПРИМЕНО: 04.10.2018
Орг. ед. | Број: | Прилог | Вредност
05-1719/8

Акционерско друштво
ЕВРОИНС
ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 0904-2546/1
03.10.2018 год.
СКОПЈЕ

*[штембил на понудувачот].*

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број 05-1719/4/2018 објавен на ЕСЈН од страна на Општина Кочани, за доделување на договор за

- *Набавка на осигурителни услуги и тоа:*

*ДЕЛ 1:*

Осигурување на недвижен и движен имот на Општина Кочани,
Потполно каско осигурување на возилата сопственост на Општина Кочани без франшиза и без ризик кражба,
Колективно осигурување на вработените во Општина Кочани (општинска администрација и ТППЕ Кочани).

*ДЕЛ 2:* Осигурување по основ на автоодговорност на возилата на Општина Кочани

со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација која ја преземавме од ЕСЈН, ја поднесуваме следнава:

## *КОНЕЧНА ПОНУДА ПО Е–АУКЦИЈА*

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ
I.2. Контакт информации
- Адреса: УЛ.„СКУПИ“ БР. 12 СКОПЈЕ
- Телефон: 02 3 228 904
- Факс: 02 3 117 194
- Е-пошта: tenderi@euroins.com.mk
- Лице за контакт: ЈАНИ КАРДУЛА

I.3. Одговорно лице: РАЛИЦА ГУБЕРОВА
I.4. Даночен број: 4030995100259 ЕМБС: 5040043
1.5. Ж.с-ка бр. 240020000203146 Депонент на УНИ БАНКА АД СКОПЈЕ

Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје

**Дел II – Техничка и финансиска понуда**

**II.1.**Согласни сме да ги извршеме следните услуги:
Согласно техничката спецификација, составен дел на тендерската документација.

за ДЕЛ 1 ☐ , ДЕЛ 2 *☐ од образецот на понуда

*☐ Да се штиклира соодветното поле, во зависност од тоа за кој дел од предметот на набавка поднесувате понуда (може и за повеќе делови)

## ДЕЛ 2: Осигурување по основ на Автоодговорност на возилата на Општина Кочани

| Ред. бр. | Податоци за возилото ( број на шасија, бр. на мотор, година на производство, kw) | Вид | Регистарска ознака | Дополнителен услов | Годишна премија |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Volkswagen Passat Comfortline 2.0 TDI 150, година на производство 2015<br>Идентиф.број WVWZZZ3CZGE069418<br>Бр. на мотор 457327<br>Зафатнина на мотор 1968 см3<br>Силина на мотор 110 kw<br>**Места за седење –5** | Патничко | КО-6769-АВ | / | **5,611** |
| 2. | Renault M(Megane) -2003 год.<br>Бр.шас.VF1LMOUO629482403<br>Бр.мот.C009752(1998см3) 98kw<br>**Места за седење –5** | Патничко | КО-0002-АВ | / | **4,704** |
| 3. | Daewoo Matiz-2007 год.<br>Бр.шас.UU6MF484E8D119O91<br>Бр.мот.F8CV/59O561KB1(796см3)<br>37,5kw, **Места за седење –5** | Патничко | КО-0004-АВ | / | **3,125** |
| 4. | Daewoo Matiz-2007год.<br>Бр.шас.UU6MF484E8D119O9O<br>Бр.мот.F8CV/59O752KB1(796см3)<br>37,5kw, **Места за седење –5** | Патничко | КО-0006-АВ | / | **3,125** |
| 5. | Lada-Vaz 2121(niva injection)-2006 год.<br>Бр.шас.XTA21214051792663<br>Бр.мот.21214/7977264(1690см3)59,50kw, Места за седење –4 | Патничко | КО-0005-АВ | / | **4,066** |
| 6. | Daewoo Tico SL/AS-1995 год.<br>Бр.шас.KLY3S11BDTC229297<br>Бр.мот.F8C-274788(796см3)26kw<br>**Места за седење –5** | Патничко | КО-0008-АВ | осигурување то да опфаќа осигурување на стаклата | **2,692** |
| 7. | Zastava 101 Poli -1991год.<br>Бр.шас.O1O63OO9<br>Бр.мот.1487709(1116см3)40,45kw<br>Дополнителни информации:<br>дозволена носивост 805 кг (само за товарни возила), места за седење 2, форма на каросерија затворено, боја на каросерија бела 01, маса на празно возило 835 кг, работна зафатнина на моторот 1116см3, сила на мотор 40,45 kw (ks), новонабавна вредност 23.159,00 денари.<br>**Места за седење –2** | Комбинирано | КО-0009-АВ | осигурување то да опфаќа осигурување на стаклата | **4,669** |
| 8. | Електричен скутер<br>Марка-тип: JONWAY<br>Комерцијална ознака: MSG<br>Број на шасија: L8YMSGKE1HS201713<br>Зафатнина: /SM3<br>KW | Електричен скутер | КО 1288 АС | / | **425** |

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Година на производство: 2017<br>Категорија: L1e- MOPED<br>Облик и намена на каросерија: EB-SKUTER<br>Тип на мотор 48V/3000W<br>Вид на гориво: електрична енергија<br>Број на мотор: 17100945579<br>Максимална брзина:45<br>Однос силина/маса: 0,021<br>Маса на возило: 145<br>Најголема конструктивна вкупна маса на возилото kg: 300<br>Најголема легална вкупна маса на возилото при регистрација kg: 300<br>Боја : siva/7f , Crna/20<br>Број на ЕУ потврда за сообразност: E9*2002/24*0322*06<br>**Седишта: 2,** | | | |
| 9. | Lifan 320/LF7132B-2010год.<br>Инд.број LLV1C2A16B0016334<br>Бр.мот.110101605 (1342см3) 65kw<br>**Места за седење –5** | Патничко | KO-2527-AB / | **4,066** |
| 10. | Lifan 320/LF7132B-2010год.<br>Инд.број LLV1C2A12A0010013<br>Бр.мот. 101000505 (1342см3) 65kw<br>**Места за седење –5** | Патничко | KO-2526-AB / | **4,066** |
| 11. | Moto B/Pesaro replica-2012год.<br>Инд.број L82TAAPL6C1000420<br>Бр.мот.12500337 (49см3) 3.52kw<br>**Места за седење –2** | L1e - MOPED<br>EB -SKUTER | KO-1693-AB / | **425** |
| 12. | Lada Lada 4x4 – 2010год.<br>Бр.шас.XTA21214OA1962603<br>Бр.мот.21214/9338531(1690см3) 59kw<br>Места за седење –4 | Патничко | KO-0007-AB / | **4,066** |
| 13. | **DAIMLER BENZ<br>LAF 1113 B<br>Година на производство: 1978год.<br>Бр.шас.38511714334311<br>Бр.мот.35391310461564<br>Зафатнина на моторот: 5638CM3<br>Силина на моторот: 123kw<br>Категорија и вид на возило: N1 Tovarno<br>Облик и намена на каросеријата: SG- VOZILO ZA SPECIJALNA NAMENA PROTIVPOZARNO<br>со уред/пумпа за гасење пожар<br>Новонабавната вредност изнесува 3.000.000,00 денари.<br>Места за седење –8** | **Товарно, Возило за специјална намена, противпожарно** | **KO-2533-AB** / | **2,698** |
| 14. | **MAGERUS DEUTZ<br>FM170 D11 FA<br>Година на производство: 1982год<br>Бр.шас.490 0112 814<br>Бр.мот.6273689<br>Категорија и вид на возило: N2 Tovarno<br>Облик и намена на каросеријата: SG- VOZILO ZA SPECIJALNA NAMENA PROTIVPOZARNO<br>со уред/пумпа за гасење пожари<br>Зафатнина на моторот: (8424см3)<br>Сила на моторот: 129kw** | **Возило за специјална намена противпожарно** | **KO-2532-AB** / | **2,698** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Боја : црвена/73**<br>**Новонабавната вредност изнесува 4.456.385,00 денари.**<br>**Места за седење –9** | | | | |
| 15. | **FAP 1314**<br>**FF-75,16**<br>**Година на производство: 1983год.**<br>**Бр.шас.91851**<br>**Бр.мот.132879**<br>**Сила на мотор: 106,60kw**<br>**Работна зафатнина: -**<br>**Маса на празно возило: 5700**<br>**Дозволена носивост: 8000**<br>**Форма или намена на каросерија: Затворено**<br>**Вид: Специјално противпожарно , со вграден систем за гасење пожар**<br>**Новонабавната вредност изнесува 173.000,00 денари.**<br>**Места за седење –3** | **Специјално противпожарно** | **KO-1441-AB** | / | **2,698** |
| 16. | **DAF тип FA LF55-**<br>**Година на производство:2009год.**<br>**Силина на мотор: 210kw**<br>**Бр.шас. XLRAE55GF0L354842**<br>**Бр.мот. 21919951**<br>**Категорија и вид на возило: N3 Tovarno**<br>**Облик и намена на каросеријата: SG- Vozilo za specijalna namena protivpozarno**<br>**со вграден систем за гасење пожар**<br>**Места за седење –6** | **Специјално товарно противпожарно** | **KO-3872-AB** | / | **2,698** |
| 17. | YUTONG тип ZK6858H9-2011год. 162KW-6500см3<br>Бр.мот. YC6J220-30<br>Бр.шас. LZYTDTD69B1027958<br>Автобусот се користи за меѓуградски, градски и приградски сообраќај, во случај на потреба, за потребите на Општина Кочани.<br>**Места за седење –33+ 1 за шофер** | Автобус | KO-0010-AB | / | **16,885** |
| 18. | **Марка TOYOTA**<br>**Комерцијална ознака TOYOTA HILUX**<br>**Идентификационен број на возилото AHTFR22G206079113**<br>**Год. на произвоство 2013**<br>**Категорија вид на возило- N1-TOVARNO**<br>**Облик и намена на каросеријата BA-KESON protivpozarno**<br>**Со вграден систем за гасење пожар – Rotfire B30- Tojoti**<br>**вкупна носивост 2690кг, маса на на празно возило 2150кг, работна зафатнина на моторот 2494, сила на мотор 106 kw , тип на моторот: 2KD,**<br>**Места за седење –5** | **Товарно Противпожарно** | **KO 5990 AB** | / | **2,698** |
| | | | **Вкупна годишна премија** | | **71,415** |

Акционерско друштво ЕВРОИНС осигурување Скопје

Задолжителни услови за осигурителната компанија:

- ✓ **Осигурувањето да опфаќа и осигурување на возачот и патници- за сите возила, за моторчето осигурување на возач, а за електричниот скутер осигурување на возач + патник;**

- За возилото - Автобус YUTONG тип ZK6858H9-2011год.- осигурувањето да вклучува и осигурување на патниците;
- ✓ За возилата од ставките: 6 и 7 осигурувањето да опфаќа и осигурување на стаклата.

***НАПОМЕНА:
Износите на понудените премии за автоодговорност на возилата на Општина Кочани мора да бидат во согласност со Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица и пресметаниот меродавен технички резултат согласно Тарифникот, добиен со потврда за бонус/малус од Националното биро за осигурување на РМ.

**II.3**. Вкупната вредност на нашата понуда, **за ДЕЛ 2**, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, **без вклучен ДДВ**, согласно техничката спецификација, изнесува: **71,415***[со бројки]*
( **седумдесет и една илјада и четристотини и петнаесет**) *[со букви]* денари.

**II.4.** Ги прифаќаме начинот и рокот на вршење на услугите утврдени во тендерската документација.

**II.5.** Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација.

**II.6.** Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

**II.7**. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација .

Место и датум
СКОПЈЕ, 03,10,2018

Одговорно/овластено лице
Акционерско друштво ЕВРОИНС осигурување
_______________________
(потпис и печат)

Digitally signed by Jani Kardula
Date: 2018.10.04 13:19:27 +0200

Jani Kardula

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*